# Училишен ГЛАС

ОУ „Никола Карев" Кочани

*Бесплатен примерок* *година* **VIII**, *број* **8** *април* **2017**

**› УСПЕСИ КОИ ОБВРЗУВААТ**

**› И ТИЕ СЕ ДЕЛ ОД НАШАТА ИСТОРИЈА**

**› НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ВО ИТАЛИЈА**

**› ПРВИ МЕСТА ЗА ЕКИПИТЕ ВО ФУТСАЛ И КОШАРКА**





Почитувани,

И годинава по осми пат го објавуваме нашиот училишен весник. Веќе осма година ги регистрираме активностите на учениците и наставниците, информираме за постигањата на нашите ученици на општински, регионални и републички натпревари.

Годинава одбележуваме 60 години од постоењето. Тоа е еден мал јубилеј за сите нас кои работиме во ова училиште. И во оваа учебна година бележиме низа успеси и врвни резултати во воспитно - образовниот процес.

И годинава во континуитет ја продолжуваме долгогодишната соработка со Основното училиште „Никола Карев“ од Крушево, при што заеднички ќе положиме букети цвеќе на гробот на Карев во месноста Свиланово, село Рајчани, Кочанско.

Содржините од осмиот број од весникот се само мал дел од големата ризница постигања и успеси на учениците. Уживајте во нашите содржини и информирајте се за нашето работење.

Со почит,
***Благојчо Стојановски***
*В. Д. Директор*



**Издава:** ОУ „Никола Карев“ - Кочани
**За издавачот:** Благојчо Стојановски, в.д. директор
**Уредува: редакциски одбор во состав: Киро Герасимов, Љупка Стојменова, Гордана Јефтимова, Радмила Божинова, Јасна Јованова, Сашко Стефановски, Билјана Пулковска, Марија Ефремовска, Сања Атанасовска**
**Печати:** Европа92 - Кочани
**Тираж:** 300

## ПРОГРАМА

**26.04.2017 год. 19:00 часот**
- Свечена академија
НУ Центар за култура „Бели Мугри“

**27.04.2017 год. 08:30 часот**
- Спортски натпревари

**27.04.2017 год. 09:00 часот**
- Полагање на свежо цвеќе на споменикот на Никола Карев во градскиот парк

**27.04.2017 год. 10:00 часот**
- Полагање на свежо цвеќе на споменикот на Никола Карев во с. Свиланово

# УСПЕСИ КОИ ОБВРЗУВААТ

Во годината кога Основното училиште „Никола Карев“ од Кочани ја одбележува 60 годишнината од постоењето, секако за респект се и постигнатите успеси во воспитно образованиот процес на наставниците и учениците. Воспитно-образовниот процес се реализира моше успешно со примена на најсовремените методи во наставата, следење на постигањата во одредни области од истата, како и примена на искуствата стекнати на многубројните обуки и семинари, на кои составен дел се и наставниците од училиштето.



Посебно за респект се постигањата на учениците на натпреварите по одделни предмети, како на локално, така на регионално и државно ниво. Успесите од минатата учебна година се повторуваат на општо задоволство на учениците и нивните предметни ментори.

Како пример ќе ги посочиме постигањата на учениците од натпреварите по хемија, математика, физика, природни науки, англиски јазик, географија, но и постигањата на ликовната, литературната и спортската секција.



Сиве овие постигања се голем успех за училиштето, вработените и учениците. Само со вакви резултати и рејтингот на училиштето ќе биде голем и ќе се вброи во редот на оние училишта во кои воспитно -образовниот процес постигнува целосен успех.

И несамо тоа. Учениците и наставниците од Основмното училиште „Никола Карев“ од нижите одделенија се носители и креатори на бројни активности преку целата година, со масовно учество во нив и придонес за успех во целост. Кон ваквите успеси се вбројуваат и активностите во целост и на двете Подрачни основни училишта во Грдовци и Ткање.

Одбележувањето на патронитот празник на училиштето преку сумирањето на севкупните постигања е уште една можност повеке на едно место да се доживее училиштето, неговиот живот и постигања.

# И ТИЕ СЕ ДЕЛ ОД НАШАТА ИСТОРИЈА...



*Веселинка Амӣова*

*Родена е на 31.05.1953 ӣод. во Кочани. Завршила средно ӣимназиско образование и ӣедаӣошки факулѿеѿ во Шѿиӣ.*

*Во училишѿеѿо е вработена од 01.10.1980 ӣод. До јуни 2008 рабоѿи во ӣреѿшколска забавишна ӣруӣа, а од сеӣѿември 2008 ӣреминува во одделенска насѿава. Во меѓувреме, од 01.08.2016 до 0.02.2017 ја извршува должносѿа на в.д. Дирекѿор, ӣо шѿо ӣовѿорно се враќа како насѿавник во одделенска насѿава.*

**Кога Ви се појави желбата да станете наставник и колку години сте наставник?**

- Ми се појави желбата да станам наставник уште во раните детски денови кога во моето маало јас бев учителка, а моите другарки ученички. Наставник сум полни 38 години, и започнувам 39.

**Дали сметате дека наставникот има големо влијание врз заинтересираноста на учениците за нови знаења?**

- Да, наставникот има премногу големо значење и од него зависи дали децата ќе бидат заинтересирани за часот или не.

**Дали понекогаш незаинтересираноста на учениците може да значи дека планот на наставникот за тој час не е добро подготвен?**

- Да, јас и сама некогаш си најдам моја грешка, замерка, дека часот не ми бил понекогаш добро подготвен и нормално учениците губат внимание, но тоа во мојата пракса ретко се случувало но сепак го потврдувам тоа дека ако часот не е добро подготвен учениците нема да бидат заинтересирани.

**Вие како воспитна-образовна личност дали сметате дека за наставникот да биде добар наставник е доволно само да го пренесе усменото знаење или пак целокупниот живот на наставникот влијае во воспитно-образовниот облик на децата!**

- Па вака, по мое мислење 50% влијае образовниот систем за да го образуваме детето, а 50% и животното искуство кое јас го пренесувам на моите ученици, преку игра преку примери ги заинтересирувам за темата која треба да ја обработиме, значи битно е и животното школо, како што велиме ние постарите, а не само да се држиме исклучиво на образованието и на лекцијата која треба да ја предадеме за тој час.

**Како Ви влијае секојдневното поминување часови со деца кои се на почетокот на осознавањето нови нешта?**

- Со големо задоволство си ја работам својата работа, од почетокот, од првиот до последниот час работам со полн елан и со





желба децата да го поминат училишниот ден што поинтересно и поубаво.

**Според Вас дали постојат лоши деца?**

- Не, секогаш го тврдам, и ќе го тврдам дека не постојат лоши деца, само се обвинувам и јас и ние возрасните кога понекогаш постапуваме кон некои деца лошо и нормално и тие постапуваат лошо. Како постапуваш ти и така ти се враќа, тоа е моето животно мото. Значи, нема лоши деца, ако кон децата постапуваме како луѓе, да ги почитуваме прво како личности, тогаш и тие ќе не почитуваат нас.

**Дали мислите дека е поважно детето да биде добар човек отколку добар ученик?**

- Ако е тој добар ученик, ќе биде и добар човек, овие две работи се споени и не можеме да ги раздвоиме. Нема добар ученик кој ќе стане лош човек, значи тие две работи се поврзани. Животот од училиште продолжува и во возрасните години.

**Дали можете да ни посочите некоја интересна случка која Ви го привлекла вниманието?**

- Секојдневно има интересни случки, доживувања, но една од поинтересните случки е кога бевме на Колешински Водопади, и им објаснував на учениците дека водата е бистра и чиста и тие ме прашаа дали може водата да се пие. Јас се насмеав и им реков: Чекајте да пробам! Пробав, и водата навистина беше вкусна за пиење и им дозволив и тие со големо задоволство ги наполнија шишињата да пијат вода од Колешинските Водопади.

*Марина Николова и*
*Јована-Асѿерија Накова, 8-1 одд.*



*Данка Михајлова*

**На колку години започнавте да работите како наставник по биологија?**

- Првите почетоци како наставник по биологија ми беа на 27 годишна возраст. Се одлучив за оваа професија поради големата љубов кон децата, кон природата, кон растителниот и животинскиот свет...

**На кој начин ги поттикнувавте учениците да го изучуваат предметот?**

- Преку педагошкиот пристап се трудев секоја наставна единица да ја направам интересна и прилагодлива за учениците. Посебно умеев да го задржам нивното внимание преку нагледните средства кои ги имав во мојот кабинет.

**Да се навратиме на периодот кога сте биле ученичка. Каков беше Вашиот успех и кои предмети најлесно ви одеа?**

- Па морам да кажам дека најлесно ми одеше математиката, но и покрај тоа, омилен предмет ми беше биологијата. Секако, немав никакви тешкотии во учењето и на другите предмети. Бев одлична ученичка.

**На почетокот од работењето, како се прилагодивте на учениците и училиштето?**

- Секој почеток во професијата носи своја тежина. Би била нескромна, ако кажам дека сè беше лесно. Но, набрзо ја совладав специфичноста на професијата и се адаптирав на условите за работа.

**Во колку училишта имате работено и на колку генерации имате предавано?**

- Во деведесеттите години, покрај моето матично училиште ОУ „Никола Карев“, дополнував 8 часови и во ОУ „Малина Попиванова“. Низ училишните клупи во мојот кабинет поминаа околу 35 генерации ученици и речиси секоја година бев класен раководител.

**Имате ли некоја интересна случка која сакате да ја споделите со нас?**

- Во текот на мојот работен век доживеав многу интересни случки и настани кои до ден денес ме засмејуваат. Во осумдесеттите години кога паралелките броеја и по 40 ученици, бев одделенски раководител на една голема паралелка. Секако, се залагав за успехот на моите ученици. На еден ученик му фалеше една оценка за да го заврши одделението со многу добар успех. Бев многу помлада од останатите колеги на советот, па ми беше непријатно од нив да барам повисоко оценка. Решив да му ставам петка по мојот предмет. КОга им го соопштив успехот на учениците во училницата, истиот ученик стана, ги крена рамениците и искрено рече: „Наставничке, јас не заслужувам петка по биологија!“ Мене ме изненади неговата самокритичност и реалност. Во тој контекст, сакам да кажам дека тогашните деца беа многу самокритични, скромни, реални и искрени... Има голема разлика меѓу тогашните и денешните генерации ученици.

**Од денешна перспектива, доколку сте во можност, дали би избрале некоја друга професија?**

- И уште еднаш да се родам, сигурна сум дека повторно ќе ја изберам истата професија поради љубовта кон биологијата и кон децата.

**Можете ли направите некоја паралела помеѓу дружењето и соработка со колегите, некогаш и сега?**

- Затоа што имам работено со најразлични генерации колеги, сакам да истакнам дека колегијалноста, соработката и дружењето порано беа на многу повисоко ниво. Сите се радувавме на сечиј успех, си помагавме, заеднички ги изработувавме дневните подготовки и ги подготвувавме учениците за натпревари. Забележувам дека истото тоа дружење го нема сега кај помладите генерации, туку многу повеќе преовладуваат себичноста и љубомората. Се надевам дека во иднина оваа состојба ќе се промени за доброто на сите и за напредокот на училиштето.

**Раскажете ми го најубавиот ден што сте го доживеале во училиштето!**

- Прво, ќе го нагласам мојот најтажен ден, денот кога се пензионирав и се разделив со учениците. Си кажавме многу убави нешта, си ги споделивме најубавите доживувања, имаше многу солзи, си упативме најсрдечни честитки за понатамошниот живот...



*Дел од новинарската секција која вредно работеше на интервјуто со наставничката Данче*

Додека пак, најубавиот и најсреќен момент во мојот живот се случи во наставничката канцеларија додека траеше еден едукативен семинар, токму тогаш, ја слушнав најрадосната вест дека сум станала баба. На свет дојде мојот прв внук Давид. Таа вест прво ја споделив со присутните колеги, па дури потоа со домашните. Имено, сите моменти од животот, ги поминуваме токму во наставничката канцеларија додека покрај нас се нашите колеги. Затоа со право училиштето го нарекувам втор дом, а колегите второ семејство.

**За крај, што ќе им порачате на учениците и вработените во нашето училиште?**

- Би им порачала да не се нервираат затоа што нервните клетки не се регенерираат. Да се сакаат, да се почитуваат, да се дружат и да ги прифатат сите меѓусебни различности. Мораме да бидеме флексибилни и толерантни, да си простуваме и да си го разубавиме животот. А, животот е како огледало, насмевнете му се и тој ќе ви се насмее вам!

*Сандра Наумова, 9-1*
*Јована Благонова, 9-2 и*
*Ана Апостолова, 9-2*

## ОД ДЕТСКИ АГОЛ...

**Кога куќите би оделе?**

- ќе си седиме во нив и ќе не водат на училиште – Јана, 1 одделение;
- сите луѓе би лудувале, а куќите би се смееле – Неда, 4 одделение.



**Кога цвеќето би играло оро?**

- орото ќе биде многу шарено – Борис, 1 одделение;
- ќе го запишам на играорна – Мишел, 5 одделение.

**Кога би бил/а ракета?**

- ќе одам на марс по шатки – Илија, 4 одделение;
- ќе ја гледам мојата симпатија – Иван, 5 одделение.

**Кога слонот би бил пиле?**

- ќе јадеме џиновски копани – Лука, 4 одделение;
- ќе го научам да пее;
- ќе држи диета цел живот – Сандра, 5 одделение;
- тежината на пилето сите ќе ја исмејуваат – Уна, 4 одделение.

**Кога дрвјата би играле криенка?**

- ќе се кријат позади нас – Михаела, 4 одделение.



**Кога животните би биле луѓе?**

- ќе имаат Facebook;
- ќе се возат на мотори, авиони – Филип, 4 одделение;
- ќе направат нова Ајфелова кула – Јована 5 одделение;
- ќе прават весели свадби – Иларија, 1 одделение.

**Кога човекот би бил пеперутка?**

- ќе застане на цвет – Анка, 4 одделение;
- ќе одам на воздушна модна ревија – Иван, 5 одделение.

**Кога сонцето би имало нозе?**

- ќе оди на диско – Јована, 4 одделение;
- ќе одиме заедно на плажа и ќе му дадам очила за сонце – Сара, 5 одделение;
- месечината ќе има раце – Давид, 5 одделение.

**Кога човекот би имал крилја?**

- ќе биде ангел и ќе свири на харфа – Ивана, 5 одделение;
- ќе му се врти свест – Андреа, 4 одделение;
- ќе лета до звездите и назад – Јована, 4 одделение.
- ќе паѓа многу – Ивона, 4 одделение.

**Кога планините би оделе?**

- ќе се тркам со нив за да видам кој е побрз – Матеј, 4 одделение;
- ќе планинарат – Невена, 4 одделение;
- ќе дојдат кај нас на гости – Ана, 5 одделение;
- ќе одат на сончање – Ана, 1 одделение.

**Што би виделе во земјата на џуџињата?**

- би видела џинови во фустани – Јована, 1 одделение;
- остварени нашите желби – Ангела, 5 одделение.

**Што би виделе во земјата на мирот?**

- би видел заљубени луѓе – Никола, 1 одделение;
- детска радост – Ивона, 5 одделенеие;
- љубов на прв поглед – Иван, 5 одделение;
- моето одделение – Мелиса, 4 одделение;
- совесни и добри луѓе – Ива, 4 одделение.

***Билјана Пулковска - психолог***

## АГРЕСИВНОСТА И НАСИЛСТВОТО КАКО НЕГАТИВНА ПОЈАВА МЕЃУ МЛАДИТЕ



**Порака до родителите**

Знаеме дека безбедноста и доброто на учениците се наша заедничка и првенствена грижа.

Знаеме дека вие сте најчувствителни за безбедноста и доброто на Вашето дете.

Да се расправа за загрозеноста на децата никогаш не е излишно!

Обратете внимание на некои детски пораки, кои укажуваат дека на детето му е потребна помош:

- не сака да оди на училиште;
- покажува промени во успехот;
- му изчезнуваат пари и лични работи;
- доаѓа гладно (му ги зеле парите кои сте му ги дале за ужина);
- избегнува разговори за тоа што не е во ред;
- детето е расеано, отсутно;
- повлечено или хиперактивно;
- има проблеми со спиењето и сонот.

Кога ќе утврдите дека Вашето дете се соочува со проблем давајте му поддршка. Тоа мора да знае дека ќе му верувате и помогнете. Така се учат на тоа колку е важна довербата, барањето поддршка, а особено важноста некому да се раскаже што се случило.





Учениците на тој начин ја примаат пораката дека ние возрасните кои сме многу важни во нивните животи, се грижиме за нив, а сето тоа доведува до јакнење на навната самодоверба и сигурност.

**Предлог активности од работата со ученичката заедница:**

- Разговор- за тоа што е насилно однесување, а што не е. Кои права не се почитуваат во чинот на насилството? Промовирајте почитување на разлики преку дебати, игри, раскажување;

- Организирање кампања за безбедна училишна средина со тоа што ќе ги идентификувате местата во училишниот двор кои се неосветлени и небезбедни;

- Разговор - учениците да се однесуваат со своите соученици онака како сакаат тие да се однесуваат со нив. Разликите треба да се почитуваат е секој има права да биде различен;

- Разговор - учениците да одбегнуваат да не се навредуваат и задеваат. Секој е различен, но сите сме еднакви.



## ИНКЛУЗИВНА НАСТАВА



*Обука на училишно ниво со наставниците од одделенска настава на тема: Ликовно образование – подрачја - карактеристики*



*Ракомет - со наставникот Александар Андов*



*Јавен час со учениците од одделенска настава*



*Активности во соработка со Црвен крст Кочани*

**Месец на науката**

На 11 и 12 Ноември2016 учениците Сандра Наумова, Ана Ѓоргиева, Михаела Манева, Љупка Јорданова, Андреј Манасиев од IX-1 и Ана Спасова и Елена Чучуковска од IX-4 учествуваа на манифестацијата „Октомври - месец на науката“. Тие се претставија со демонстрации „Промена на притисокот на гасовите во зависност од температурата на гасот“ и со изработки на модели на атоми на




хлор и калциум. Ментори на учениците се наставничките Ирена Пурцова Крстова и Весна Б. Василева.

# ОД АКТИВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОДД



„Патот на Клукајдрвчето“- прекрасно поминат едукативно рекреативен ден на прекрасната планина Осогово



Проект за меѓуетничка интеграција, заедничка активност на учениците од IV2 одд. со учениците од партнерското училиште од с. Форини - Гостиварско, одржан час преку скајп, изработка на книга со народни умотворби



Хуманитарна акција во дарување на облека и обувки на социално загрозените семејства: „Време е за дарување“



Еко акција



Новогодишен пазар на можности 2016/17



Изработка на „Еко планета“



Креативни цртежи по повод денот на Пролетта



Подарување на цвеќиња од страна на учениците во ПУ с. Грдовци по повод 8 ми Март






Априлијада 2017





Априлијада ПУ с. Тркање

# АКТИВНОСТИ



ЕКО работилница ПУ с. Грдовци



Априлијада 2017 ПУ с. Грдовци



Работа со компјутери, ученици од прво одделение



Изработки на учениците од V-2 одд.



Јована Блажева од V-3 одделение, која на регионалниот натпревар по англиски јазик за основни училишта во организација на ЕЛТАМ го освои првото место

### Учество на натпревари

-На училишен, општински и регионален натпревар по математика ученикот Филип Крстов освои прво место.

-На општински натпревар по природни науки учениците Филип Крстов и Матеј Димитров освоија второ место, а ученикот Антонио Лефков беше пофален и сите тројца учествуваа на регионалниот натпревар. резултатите од регионалниот натпревар ги очекуваме)



Матеј Димитров, Филип Крстов, Антонио Лефков

-На литературниот конкурс во рамките на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ ученичката Ивона Стојменова беше пофалена за песната „Кочански ориз“.



Ивона Стојменова




Јована Наумова

-На ликовниот конкурс по повод одбележувањето на меѓународниот ден на литературата за деца, на тема „Ајде да растеме со книгите“ распишан од Билиотека „Искра“ Кочани, ученичката Јована Наумова освои трето место.

### Часови со родители гости



Работилница на тема „Драмски текст и драмско читање“ со родител Љупка Стојменова (наставник по македонски јазик)



Час по природни науки со родител Нада Илиева Гранкова (дипл. фармацевт) на тема „Безбедно користење на лекови“



Кампања „За луѓето се работи“ во рамки на програмата за зачувување на природата во Македонија – проект на Швајцарска агенција за развој и соработка

На оваа манифестација тимот на наставничката Радмила Едровска ја освои првата награда на локално ниво и се пласираше за понатамошнбо натпреварување.

# СОВРЕМЕНА НАСТАВА ПО ГЕОГРАФИЈА

Брзиот развој на науката и техниката, како и интеграцијата во проекти од други поразвиени земји, укажуваат на потребата да се обезбеди поквалитетна настава. Географијата како комплексна научна дисциплина, нуди широк спектар на можности за активна и современа настава. Новите стратегии на учење и примената на ИКТ веќе одамна не се новост во ОУ „Никола Карев". Под водство на предметните наставници Сашко Стефановски и Ванчо Манасиев географијата е еден од омилените предмети на сите ученици. Напуштањето на застарените концепции за изведување на наставата по географија овозможува да дојде до израз инентивноста, логичкото расудување, како и способноста за користење на наставните помагала, пред сè географската карта и компјутерот. Токму затоа нашето мото е: „Оние што сакаат да учат знаат повеќе од оние што мораат да учат!"

Сите активности можат да се следат и на: www.gevi.webs.com

*Сашко Стефановски*




# СЕМИНАР ПО ГЕОГРАФИЈА



На ден 19.11.2016 година ОУ „Никола Карев" беше домаќин на професорите по географија од целата држава организирани од Здружението на професори по географија на Македонија „Проф. д-р Љубе Миленковски" од Скопје. Освен работниот состанок здружението одржа и еднодневен семинар на тема: „Планирање и реализирање на часовите по географија со примена на ИКТ во наставата".

Пред почетокот на работниот дел беше потпишан меморандум за соработка помеѓу ОУ „Никола Карев" од Кочани и УТМС (Универзитет за Туризам и Менаџмент) од Скопје. Договорот го потпишаа Веселинка Ампова како ВД директор на училиштети и Јулијана Петровска претставник на универзитетот. Исто така УТМС донираше неколку енциклопедии и стручна литература со цел да го збогати книжевниот фонд во училишната библиотека.

На семинарот најпрвин на присутните им се обрати Ивица Гиевски, советник по географија во БРО на Република Македонија, а потоа семинарот продолжи со практичен час со примена на ИКТ во наставата по географија за што свое целосно елаборирање имаше Сашко Стефановски, наставник по географија во ОУ „Никола Карев". Присутните на семинарот имаа можност да видат еден начин на примена на овој вид на настава по примерот на наставна единица, „Реки и речни сливови во Република Македонија". Стефановски освен практичната примена на ИКТ во наставата во своето излагање даде и дополнителни информации за апликацијата „Целестија" како најприфатливо, интересно и едноставно претставување на темата „Сончев систем".

По завршувањето на семинарот како дел од теренската пракса учесниците ги посетија културно-историските споменици во Кочани како и вештачкото езеро „Гратче" каде беше организиран заеднички ручек.






# СВИЛАНОВО

Патрониот празник на ОУ „Никола Карев“ од Кочани се празнува на повеќе начини. Најверодостоен и оригинален начин е организирањето на марш до М.В. Свиланово во близина на селото Рајчани, каде што Карев во 1905 година го загубил својот живот. Оваа традиција трае веќе 13 години, а во последните неколку години свое учество и придонес дава и локалната самоуправа и претставници од истоименото училиште од Крушево, како и од семејството на Никола Карев.

На самото место Свиланово секоја година се одржува кратка приредба и се положува свежо цвеќе на споменикот на истакнатиот македонски војвода. И нормално, највпечатливи и овде се младите планинари од географската секција кои на самото место доаѓаат пеш поминувајќи притоа повеќе од 10 км. Распеани, ведри и горди што токму нивното училиште го носи името на првиот Претседател на Крушевската Република.

*Сашко Стефановски*

# УСПЕСИ НА УЧЕНИЦИТЕ

### Натпревар по Хемија

На општинскиот натпревар по хемија зедоа учество 10 ученика под менторство на наставничката Версна Б. Василева. Со право на учество на рфионален натпревар се стекнаа учениците Марина Николова, Андреј Манасиев, Љуока Јорданова, Благица Пантева, Андреј Синадинов.

### Натпревари по Математика и Физика

На општинските натпревари учествуваа 21 ученика. На регионалниот натпревар по математика учествуваа Љупка Јорданова, Андреј Манасиев од 9 одделение, Виктор Стојанов, Елена Митева од 4 одделение, Сара Илиева и Иван донев од 5 одделение. Ученикот Филип Крстов од 4 одделение и Јована Блажева од 5 одделение го освоија првото место.

Ментори: Сашка Ефтимова, Благој Гранков, Вера Шекеровска, Ката Синадиновска, Билјана Петрова, Николина Грчева.

На регионалниот натпрев по физика Ученичката Љупка Јорданова со успешно цги покажа своите знаења и се пласира за учество на државен натпрев под менторство на наставничката Ирена П. Крстова.



### Натпревар по природни науки

На општинскиот натпревар по природни науки учествуваа 25 ученика. На регионалниот натпревар учествуваа следните ученици: Никола Малешевски 6-1одд, Ана Танасковик 6-2 одд, Голубина Горгиевска6-2 одд, Бранко Дончев 6-2 одд, Благица Живкова 6-3 одд, Филип Крстов 4-2 одд, Антонио Лефков 4-2 одд, Матеј Димитров 4-2 одд, Милан Давитков 5-4 одд, Филип Јосифовски 5-3 одд. и Иван Донев 5-2 одд.

### Натпревар по англиски јазик

Регионалниот натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ Ученичката Јована Блажева од 5 одделение го освои првото место, а Сандра Наумова доби пофалница.

Наставници ментори: Тања Д. Трајанова, Панче Атанасов, Јулијана Стоилкова.

### Натпревар по географија

На регионалниот натпревар по географија учествуваа Бојана Попова и Андреј Манасиев. Под менторство на наставникот Сашко Стефановски. Со само три негативни поени Андреј Манасиев се клалифицуваше за државен натпревар.



### Натпревар „Млади библиотекари“

Ученичките Сандра Наумова и Љупка Јорданова од 9 – 1 одд. зедоа учество на натпреварот „Млади библиотекари“ во организација на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани на ден 14.10.2016 година. Притоа, ученичката Сандра Наумова освои втора награда, а ученичката Љупка Јорданова доби пофалница на истиот натпревар под менторство на наставничката Гордана Јефтимова.




# УЧЕНИЦИ ОД ОУ „НИКОЛА КАРЕВ“ НА НАГРАДЕН КОНКУРС ВО ИТАЛИЈА



Ученици од ОУ „Никола Карев“ од Кочани престојуваа во Трст Италија, на 13 тиот по ред Меѓународен поетски фестивал „Замокот на Дуино“ кој се одржа од 31 март до 2 април. Учениците од ОУ „Никола Карев“ освоија специјална награда на оваа светска манифестација на која што учествуваат училишта и поединци од цел свет. Од Македонија награда доби само ОУ „Никола Карев“ од Кочани.

- Оваа година се твореше на тема „Моето наследство“ и ние со учениците одлучивме да твориме за наследствата кои што тие ги имаат добиено од своите баби и дедовци. Највпечатливо беше творењето на ученичката Наде Ефремова која што пишуваше за најголемото наследство кое што сите го добиваме а тоа е нашата земја и слободата, рече Љупка Стојменова, ментор.

Учениците од тимот Ивона Антова, Василија Коцева, Наде Ефремова, Елена Јакимова и Драгана Насева, задоволни од учеството и од специјалната награда и радосни што ќе можат по втор пат во Италија лично ја подигнат наградата. Ова признание за нив претставува поттик да пишуваат и творат и понатаму и да создаваат дела за паметење.

-Јас и моите четири соученички изработивме книга од сите наши литературни творби кои што беа на тема „Моето наследство“. Наградата ќе ни биде поттик и понатаму да пишуваме и да твориме, рече Наде Ефремова, ученичка во ОУ „Никола Карев“.

Учениците се претставија со изработка на своја поетска книга составена од песни на македонски и истите преведени на англиски јазик. Преводот на англиски јазик е на Панче Атанасов и Марија Дончева, професори по англиски јазик, а техничката изработка на книгата е на Благој Гранков.

*К. Герасимов*

# ОД АКТИВНОСТА НА ЛИТЕРАТУРНАТА СЕ

✓ Учество на литературниот конкурс Меѓународниот интернет проект „Мостови на пријателството 2016“, распишан од Руската Федерација со проект на ученичката Наде Ефремова која беше единствено наградена со диплома од Македонија.

✓ Учество на „Детски лирски треперења 2016“ со песна на ученичката Наде Ефремова со песната „За гладните деца“ и осовоена награда за најдобра песна. Доделувањето на наградите се одржа во одмаралиштето „Радости“ во Охрид од 13-15 јуни.

✓ На литературниот конкурс „Велешки книжевни средби 2016“, распишан од ЛК „Кочо Рацин“ од Велес книгата на ученичката Наде Ефремова насловена како „Раѓањето на песната“ беше наградена со награда за најмлад учесник и истата беше објавена, а промоција на истата се одржа на 7 октомври 2016 год. во ЦК „Бели мугри“ - Кочани.

✓ Учество на 49 Детски Рацинови средби со песна на тема „Мојата татковина“ на ученичката Наде Ефремова од 8-1 одд. и освоено второ место (ноември).

✓ Учество и освоено прво место на литературниот конкурс „Ракатки – 2017“ со творба на ученичката Наде Ефремова од 8-1 одд. со песната „Имам желба“.




✓ Учество на учениčките: Наде Ефремова, Драгана Насева, Василија Коцева, Ивона Антова и Елена Јакимова од 8-1 одд. на Меѓународниот фестивал на поезија и театар „Замокот на Дуино“ во Трст со изработка на поетска книга на тема „Моето наследство“ и наградени со специјална награда. Доделувањето беше од 27.3-2.4. 2017 год. во Трст.




## ИМАМ ЖЕЛБА

Каква желба би имало едно дете,
на кое животот убавини му плете,
кое само добрина почувствувало на кожа,
и се прашува дали сите тоа го можат.
Но, тоа слуша и гледа
дека на секого не му е така,
затоа тоа преку песна
ја подава својата рака
за оние кои
низ темнините, низ мраковите,
надвор од дворовите,
низ патиштата,
им треперат испружени рацете,
им треперат и на оние
кои просат низ сокаците.
А, зарем пред патеките
детски солзи да се препреките!
Боси, гладни, смрзнати,
смрзнати од светот,
огорчени од својата мака,
опаднати во прашањето
дали и нив некој ќе ги сака?!
А се топи срце кога ќе ги видиш
фрлени низ темни улици,
трперат од глад, сиромаштија, остануваат таму
и кога единствено ги галат ветришта и виулици.
Маката не престанува низ срце да ги коси:
Нема ли леб?
Нема ли љубов?
Нема ли милост за овие гладни,
изнемоштени и боси.
Талкаат со желба на срце
и пак уморни на старо место се враќаат.
Кревам глава и јас со желба
да се исполни она за кое тие сонуваат,
она што тие го сакаат.
Пуштам солза за сиромашните,
скитниците, за гладните...
Пуштам солза за солзите,
за оние кои се сведоци на војни,
за оние кој трепереjќи заспиваат,
оние кои стравот ги гуши,
а немирот длабоко ги заробил нивните души.
А мислите пак кон најтажните ми се враќаат,
пак вели срцето да се исполни
она што тие го сакаат.
Храбро, цврсто пристапувам кон својата желба,
да го промениме светот,
сите да сме исти
и помеѓу нас да не постои никаква делба.
И никогаш повеќе кон таа темнина
да не се навраќаат
и да се исполни желбата која ја имам,
а желба ми е:
-Да се исполни она што и другите го сакаат!

*Наде Ефремова, 8-1 одд.*



Во периодот од 6 до 8 мај 2016 година се одржа Меѓународниот фестивал во Панонија, Марковденски средби на деца и поети. Овогодинешниот лајтмотив на фестивалот „Детство обединето во различности“ собра околу 2000 деца од просторот на поранешна Југославија односно од училиштата во Србија, Црна Гора, Словенија, Хрватска, Република Српска и Македонија. Три ученички од нашето училиште беа наградени за пишување литературни творби на тема: Сонце во сончогледот. Имено, ученичката Натали Веселиновска од 6 - 4 одд. освои специјална награда за нејзиното поетско остварување, ученичката Верица Карова од 6 - 4 одд. доби пофалница во категоријата поезија, а ученичката Јована Благонова од 8 - 2 одд. доби трета награда во категоријата проза, под менторство на наставничката Гордана Јефтимова.

На 31 март 2017 година ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани ја реализираше проект програмата – Славење на меѓународниот ден на литературата за деца, Фестивал на децата, книгите и музиката. На овој фестивал беше распишан литературен конкурс на теми: „Другарувањето со книгите ни е песна“ и „Ајде да растеме со книгите“. На литературниот клонкурс, во категоријата ученици од 6 до 9 одд. првото место го освои ученичката Сандра Наумова од 9 – 1 одд. под менторство на наставничката Гордана Јефтимова.

## ДЕТСКИ ПОЕТСКИ ФЕСТИВАЛ „МАЈСКИ ЦВЕТ“



Во организација на ЈОУ Библиотека „Искра“ од Кочани и Литературниот клуб „Копнеж“ во Кочани се одржа Детскиот поетски фестивал „Мајски цвет“. На фестивалот учествуваа млади поети од повеќе градови од Македонија преставувајќи ги своите основни училишта, библиотеки и литературни клубови. Третата награда ја освои ученичката Натали Веселиновска од 7-4 одделение со својата лична творба „Да го обоиме светот во боите на љубовта“, под менторство на Сања Атанасовска.

## АЈДЕ ДА РАСТЕМЕ СО КНИГИТЕ

Книгите се другарки верни и знајни,
тие ги чуваат најголемите тајни.
Книгите се прозорец кон иднината,
го покажуваат патот кон светлината.

Секоја вечер заспиваат деца,
тинејџерски проблеми решаваат,
а возрасните со восхит и без здив
по навика, редовно ги оставаат.

Низ лудориите Пинокио заклучи
дека не треба да се краде и лаже,
каква и да е, вистината во очи
секогаш искрено треба да се каже.

Со малата, слатка Хајди откривме
дека со секој треба да се дружиме,
кон секој човечки да постапиме,
без предрасуди, рака да му пружиме.

Авантурите на Алиса нѐ научија
дека со мислите и фантазијата
можеме насекаде да патуваме,
и со кого сакаме да другаруваме.

Непослушниот Силјан нѐ потсети
родителите секогаш да ги почитуваме,
безусловно да ги сакаме и слушаме
и никогаш да не ги растажуваме.

Храбрата Калеш Анѓа нѐ повика
достојни и горди да бидеме,
пред лошото да не се покориме
туку за доброто да се бориме.

Со Климентина за првпат се вљубивме,
се соочивме со горчина и љубовна болка
па со скршено срце се помиривме
да го чуваме бисерот во нашата школка.

Се запознавме со таа „залуденост
од заљубеност“ во „Збунети години“
мислата дека имаш најголема мака
ако личноста која ја сакаш, не те сака.

Дружината на Хари Потер нѐ водеше
низ чудесниот свет на волшебниците,
сѐ повеќе се интересиравме,
како што ги вртевме страниците.

Растеме со убавините на книгите,
искуствата на помалите ги пренесуваме
преку нови книжевни дела и пишан збор
за секое прашање наоѓаме точен одговор.

Најдоброто искуство од книгите го црпиме
сите тајни ним им ги довеуваме,
со нивните крилја се вивнуваме,
растеме, созреваме и другаруваме.

*Сандра Наумова, 9-1 одд.*
*ОУ „Никола Карев“ – Кочани*
*Ментор: Гордана Јефтимова*

# СПОРТСКИ РЕЗУЛТАТИ




*ОУ „Никола Карев“ – Кочани, футсал екипата (девојчиња) се победници на општинските, зонските и меѓузонските натпревари, а на 4.5.2017 год. ќе биде домаќин на Државното првенство во футсал за основни училишта на Р. Македонија (девојчиња) на кое ќе учествуваат четирите најдобри училишта од Македонија.*




*Училишните екипи (момчиња и девојчиња) се победници во фудбал на општинските и зонските натпревари и ќе учествуваат на меѓузонските натпревари кои ќе се одржат во мај во Велес.*



*Училишните екипи во футсал и кошарка на ОУ „Никола Карев"-Кочани се победници на Лига натпреварите во организација на Општина Кочани.*

# УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ: ЃОРЃИ ПЕТРОВ - каратист



Ѓорѓи Петров е млад надежен спортист-каратист, ученик во 8- одделение во ОУ „Никола Карев", а член на Карате клубот „Партизан" од Кочани. Минатата 2016 година беше мошне успешна за младиот каратист со освоени 11 медали од кои 10 златни и 1 бронзена од Меѓународниот турнир во Самобор-Хрватска. За своите постигнати спортски резултати Ѓорѓи Петров беше прогласен за најуспешен млад спортист на Кочани во изборот на спортските новинари за „Спортист на годината".

Петров продолжува со своите успеси и во оваа календарска година. Досега освоил 6 медали од кои бронзен медал на Меѓународниот карате турнир во Хрватска и пет златни медали на меѓународни турнири во Србија и Македонија. Негова категорија е борби во мунус 50 и плус 50 килограми.

Успесите што ги постигнува младиот каратист Ѓорѓи Петров се резултат на неговата упорност на тренинзите и натпреварите, но и помошта што му ја даваат тренерите Оливер Коцев и Јорданчо Петров.




MAKE SOME
ENEMIES







